РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-1053/2
12.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 01.03.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Претставници од медиумите на ТВ ШУТЕЛ Скопје – Антоние Стојчески, Радио АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево – Илија Таневски и Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево – Илир Мехдиу.

Г-дин Петрушевски ја отвори 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Ајдини, поради технички причини во видео конференциската врска беше вклучен само преку ауди врска.

Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска), со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Образложение од ТВ ШУТЕЛ Скопје, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Образложение од Радио АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
3. Образложение од Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.

4. Образложение од ХИТ Радио Скопје, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.

5. Разно.

Г-дин Петрушевски објасни дека оваа седница е претходник на следната седница каде што Советот ќе гласа дали на наведените медиуми ќе им се одземе дозволата или не. На јавните седници на Советот, Законот дава можност радиодифузерите да дадат свое образложение во врска со претходно покренатата постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Трајчевски објасни дека рокот на РА Ускана за плаќање на годишниот надоместок за дозволата истекува за два дена. Но, бидејќи следните два дена се сабота и недела, рокот се префрла следниот работен ден односно во понеделник. Наведе дека Агенцијата и Советот кон сите радиодифузери имаат еднаков третман во однос на крајниот рок за плаќање и предложи Точката бр.3 - Образложение од Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата да се одложи за во понеделник, 04.03.2024 година, заедно со потточката од Точка 4 од следната 8 седница, која се однесува за РА Ускана.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека предлогот е прифатлив, пред сѐ затоа што така Советот постапил и со РА ХИТ Скопје, кога имаше законска можност за плаќање за уште некој ден, и точката ја одложиле. Согласно дискусијата предложи Точка 3 од 4-та Јавна седница и предлогот за одземање на дозволата на РА Ускана како потточка од Точка 4 да се одложат за во понеделник, 04.03.2024 година.

Советот немаше против овој предлог.

Претставникот на Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, согласно дискусијата се исклучи од видео конференциската врска.

**Точка 1**

*Образложение од ТВ ШУТЕЛ Скопје, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата:*

Претставникот од ТВ Шутел, г-н Антоние Стојчески, се заблагодари за можноста да учествува на седницата и да се обрати до Советот за да ја објасни реалната состојбата со медиумот. Информира дека денес извршиле уплата согласно доставената фактура преку друг субјект затоа што сметката на ТВ Шутел е блокирана. Од таа причина средствата им се вратени. Објасни дека се во преговори со ЗАМП и верува дека денес, до крајот на денот, ќе се договорат за согласност за деблокирање на сметката. Доколку ЗАМП им одобри, во понеделник сметката ќе биде деблокирана и годишниот надоместок ќе можат да го платат од сметката на ТВ Шутел. За ТВ Шутел рече дека е единствен медиум на ромски и македонски јазик во нашата земја, можеби единствен во поширокиот регион, и би било голема штета да згасне. Замоли за разбирање и побара можност за пролонгирање на рокот за да можат да ги уплатат средствата од нивната сметка.

Г-дин Петрушевски објасни дека одлучувањето на Советот, односно носењето на одлука ќе биде на следната седница.

**Точка 2**

*Образложение од Радио АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата:*

Претставникот на РА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ од Кичево, г-н Илија Танвески објасни дека испратил допис во текот на неделата до членовите на Советот и директорот Трајчевски, заедно со копија од извршена уплата за годишниот надоместок за дозволата. Но рече дека средствата му се вратени назад бидејќи се уплатени од друга сметка, а не од сметката на радиото. Објасни дека ваквата ситуација настанала поради блокираната сметка на медиумот. Информира дека радиото работи во етерот повеќе од 29 години и побара можност за изнаоѓање решение за да не му се одземе дозволата. Наведе дека сметката на радиодифузерот е блокирана од страна на 4 субјекти, но постојано се во преговори за да се отстранат причините. Се заблагодари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги што му дала поголема можност за уплата, но побара дополнителен рок од 15 дена за да постигнат да ја одблокираат сметката и да извршат уплата за дозволата од нивната сметка. За состојба во која се наоѓа радиото објасни дека е од неинформираност за измените на Законот, бидејќи нивното сметководство не ги известиле за новините дека не може да се врши уплата со цесија или како физичко лице.

Г-дин Петрушевски рече дека одлучувањето и ставот на Советот ќе биде ист за сите медиуми. Објасни дека Законот не дава можност за пролонгирање на рокот, но сепак дискусијата на таа тема ќе се остави за следната седница.

**Точка 3**

Образложението од Радио УСКАНА-ПЛУС Кичево, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, се одложи за продолжение на 4-та Јавна седница кое ќе се одржи во понеделник, 04.03.2024 година.

**Точка 4**

Немаше присутен претставник од ХИТ Радио Скопје.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**